СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 927/2021

Дата: ..........01-07-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на приклучок за бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М1, КО Грнчиште, со автопат А1 со подвозник од правец Велес - Градско, КО Грнчиште и КО Згрополци, Општина Градско.** Површината на планскиот опфат ги опфаќа катастарските пацели: делови од КП 4, КП 2, КП 5, КП 98/1, КП 20/1, КП 21/1, КП 22, КП 918/1, КП 19/3, КО Грнчиште и дел од КП 19/1 КО Згрополци, Општина Градско и изнесува 2,29 ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y07221** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на приклучок за бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М1, КО Грнчиште, со автопат А1 со подвозник од правец Велес - Градско, КО Грнчиште и КО Згрополци, Општина Градско, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk